**Одлука бр.11**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на таксата за учество на курс за обука на Главни судии, Судии на стол и Линиски судии на ТФСМ и**
**определување на вкупните трошоци за организација на курсевите за Главни судии, Судии на стол и Линиски судии на ТФСМ**

**Член 1**

Во текот на натпреварувачката 2023 година ако се јави потреба ќе се организира курс за обука на Делегати/Главни судии и обука за Судии на стол и линиски судии на Тениска Федерација на Северна Македонија.

**Член 2**

Висината на надоместокот за учество на курсот за обука на Делегати/Главни судии на Тениска Федерација на Северна Македонија ќе биде во висина од 3.000 денари, односно 1.800 денари за обуката за Судии на стол и Линиски судии.

**Член 3**

На курсот можат да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе покажат интерес за да се станат Тениски судија.

**Член 4**

Секој кандидат кој ќе го заврши курсот за обука на Делегати/Врховни судии на ТФСМ ќе мора да уплати и надоместок во висина од 1.250,00 денари за годишна лиценца за Делегати/Главни судии на Македонската тениска Федерација.

**Член 5**

За одржување на курс за обука на Делегати/Главни судии на Тениска Федерација на Северна Македонија потребен е минимален број од 5 кандидати за Делегати и 8 кандидати за Судии на стол и линиски судии за истиот да се одржи.

- предавач Тениски Судија-бела значка и
- координатор од ТФСМ-Претседателот на Натпреварувачко-Судискиот Комитет на ТФСМ.

**Член 6**

Трошоците за организација на курсот за обука на Делегати/Главни судии и за Судии на стол и линиски судии на ТФСМ за 2022, не смее да го надмине лимитот од 80% од вкупните приходи за курсот, а во трошоци ќе бидат признати следните:

- Подготовка на материјали за кандидати

- Наем на сала со прожектор
- Хонорари за предавач Тениски судија-бела значка
- Освежителни пијалоци
- Подготовка и изработка на сертификати.

**Член 7**

Оваа одлука стапува на сила со нејзиното донесување и се однесува за 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година